Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# ЛЕКСИКОН
## НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ
## 1912 – 1913




Штип, 2025

Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# ЛЕКСИКОН
## НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ
## 1912 – 1913

(личности, настани, поими, изрази)

Штип, 2025

# ПРЕДГОВОР

Задржувајќи го, во идеен и издавачки контекст, утврдениот методолошки континуитет во обработката на главните елементи и вредности на определени историски периоди, веќе применет на случувањата на Македонскиот фронт во текот на Првата светска војна со четирите изданија, објавени во 2023 и 2024 година, со книгата што е пред нас продолжува дисциплинарното дополнување на оваа едиција, којашто од 2025 година е фокусирана тематски на обработувањето на периодот на балканските војни, замислено како целина што е составена од три книги. По објавувањето на првата книга, посветена на овој период – *Балканските војни низ фотографии (1912 – 1913)*, пред нас е втората книга од споменатата трилогија – *Лексикон на Балканските војни 1912 – 1913*, којашто во целост го следи единството на општата замисла и визуелниот идентитет на претходните изданија.

На ова место чувствуваме потреба да посочиме на определени, концептуални и методолошки дилеми со коишто се соочивме во текот на работата на оваа книга, особено во однос на изборот, структурата и обемот на одредниците.

Познато е дека лексиконите, како специфична форма на енциклопедиско-референтна литература,

претставуваат азбучно организиран збир на поими, топоними, личности, настани, термини и друг вид одредници, обработени во кратки и концизни записи, со терминолошки, биографски или фактографски карактер, со основна цел да обезбедат систематизиран, прегледен и функционален преглед на знаења од одредена област, тема или дисциплина.

Со оглед на тоа што балканските војни претставуваат еден од најдраматичните и најсложени периоди во поновата историја на Балканот, а особено во историјата на Македонија, кога е извршено не само територијалното редефинирање на балканскиот простор, туку и длабока трансформација на политичките, етничките и културните параметри на целиот регион, се постави прашањето: Како да се обезбеди брза консултација, односно прегледен пристап и ориентација низ мноштвото факти, поими, личности, термини и настани коишто го сочинуваат сложениот историски корпус на балканските војни? Поинаку кажано, прашањето беше како да се овозможи систематизирано и тематски организирано прикажување на поединечни но суштински факти на периодот, без да се следи традиционалната хронолошка или наративна структура на класичната историографија?

Настојувајќи да понудиме, пред сѐ функционален пристап кон сложената историска матрица на балканските војни, дојдовме до заклучок дека структурата на одредниците мора да има специфичен акцент, а за нас тоа се, без никаква дилема, настаните, личностите и процесите што се однесуваат на Македонија или се одвивале на нејзината територија. Нема сомнение дека балканските војни, коишто започнаа како обид на

сојузните балкански држави за ослободување од османлиската власт, прераснаа во жесток меѓусебен конфликт за територијална поделба, во којшто Македонија – симболички и реално – стана централна арена на судирот меѓу нивните различни политички, историски, етнографски и културни аспирации и проекции.

Следствено, наша должност беше да се регистрира, да се претстави и да се вреднува токму она што се случувало на македонскиот простор, па оттука, во ова издание, тоа има најголема историска релевантност. Притоа, територијата и историјата на Македонија до 1913 година, односно до Букурешкиот мировен договор, се третира како географска и етноисториска целина, којшто е историски факт што не може да не се земе предвид.

Од методолошки аспект, изборот на релевантни одредници беше извршен и обработен врз основа на критичко консултирање со изворна историска документација (архивски материјали, дипломатска преписка, мемоари и слично), прегледување на постоечката домашна и меѓународна историографија, како и вклучување современи научни трудови што ја обработуваат темата од интердисциплинарни аспекти (политичка историја, етнологија, воена географија, културна историја, право итн.).

Критериумите за селекција на одредниците беа водени од три основни принципи: *историска релевантност*, којашто, како што е веќе укажано, се однесува на записите што документираат суштински процеси, личности и настани што се поврзани со Македонија, односно оние што имаат директна или индиректна врска со македонскиот простор во контекст на војните; *тематска разновидност*, односно опфаќањето на темата од

различни аспекти (воени, дипломатски, политички, социјални, културни итн.); и *хронолошка растегливост*, што значи дека и покрај тоа што примарниот период е од 1912 до 1913 година, вклучени се и одредници чијашто релевантност го надминува овој временски опсег, доколку ја осветлуваат предисторијата или последиците од војните.

Секоја одредница во лексиконот е обработена врз основа на проверени извори и споредбени анализи. Притоа, свесни за фактот дека историјата на балканските војни често е предмет на селективна меморија и национална инструментализација, во рамки на изданието се настојуваше да се избегнат пристрасни интерпретации и да се афирмира плуралноста на историските перспективи како основен научен принцип.

Во процесот на составување на овој лексикон, посебно внимание беше посветено на терминолошката прецизност, историографската избалансираност и контекстуалната смисла, со цел да се доловат сложеноста и противречностите на периодот, а Македонија да се прикаже како простор што има сопствен глас и наративи. Оттука, покрај референтниот карактер, овој лексикон има и една поширока епистемолошка амбиција – да го прикаже овој дел од историјата на Македонија не само како пасивна сцена на туѓи интереси, туку како живо место на локални искуства, субјективитети и историографии коишто често остануваат потиснати и маргинализирани во официјалните наративи.

Веруваме дека оваа публикација ќе биде корисен ресурс не само за историчарите, студентите и наставниците, туку и за пошироката читателска публика која има интерес за историските процеси што ја обликувале политичката и културната

реалност на Македонија и Балканот, во почетокот на XX век.

Според нашето мислење, овој лексикон не претендира на завршеност, туку отвора простор за понатамошни истражувања, за академски дијалог и критичко преиспитување на комплексното историско наследство на балканските војни.

*Штип – Скопје, јули 2025* Авторите

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

94(497.7)1912/1913”(031)
355.48(497.7)”1912/1913”(031)

ЦАЦКОВ, Оливер
Лексикон на балканските војни : 1912–1913 : (личности, настани, поими, изрази) / Оливер Цацков, Анита Илиева Николовска. - Штип : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“, 2025. - 167 стр. ; 24 см

Библиографии: стр. [163]-167

ISBN 978-608-242-178-0

1. Илиева Николовска, Анита [автор]
а) Балкански војни 1912-1913 -- Македонија -- 1912-1913 -- Лексикони

COBISS.MK-ID 66681605

д-р Оливер Цацков
д-р Анита Илиева Николовска

ЛЕКСИКОН НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ 1912 –1913

Издавач
НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

За издавачот
Ивана Бицовска

Уредници
Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

Лектура
Бранкица Јовева

Корица
Оливер Цацков

Компјутерска подготовка
Анита Илиева Николовска

Печат
„Александро Дооел“ – Свети Николе

Тираж
100